ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.
Бр. 02 - 1849/5
Прилеп 13.11 2023 год.

Врз основа на член 363 став 1, член 383 став 1 точка 3 од Законот за трговски друштва и член 49 став 1 алинеа 3 од Статутот на Тутунски комбинат АД -Прилеп, Собранието на акционери на седница одржана на ден 13.11.2023г. ја донесе следната :

# О Д Л У К А
## За отповикување на член на Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп

член 1

Ристе Ташев од Неготино со адреса на живеење на ул. 11-ти Октомври бр.74 Неготино, се отповикува од должноста извршен член на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп .

член 2

Се овластува регистрационен агент да поднесе пријава за бришење на упис во трговскиот регистар на Р.Северна Македонија на извршниот член Ристе Ташев .

член 3

Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Образложение**

Согласно член 363 став 1, од Законот за трговски друштва Собранието може да ги отповика сите членови на одборот на директори, односно на надзорниот одбор, односно член на овие органи и пред истекот на времето за коешто биле избрани. За одлуката за отповикување е потребно мнозинство гласови од акциите со право на глас, претставени на собранието, освен ако со овој закон поинаку не е определено, односно ако со статутот не е определено поголемо мнозинство. Со статутот можат да се определат и други услови за усвојување на одлуката.

Согласно член 383 став 1 точка 3 од Законот за трговски друштва Собранието одлучува само за прашањата изречно определени со овој закон и со статутот, а особено за: избор и отповикување на членовите на одборот на директори и на членовите на надзорниот одбор.

Претседавач
со Собрание на акционери
Зоран Трајкоски

„Тутунски Комбинат" АД-Прилеп со П.О. Прилеп 7

Доставено:
-Претседавач на Собрание на акционери
-Претседател на Одбор на директори
-Одбор на директори
-Именуваниот
-Архива